# Анекс 1

# Принципи на заедничката политика за ревизија на европската статистика

Во овој Анекс се претставени принципите на политиката за ревизија на ЕСС кои треба да се применуваат при ревизија на податоците во Евростат и на ниво на ЕСС. Политиките за ревизија, во согласност со овие принципи, треба да се дефинираат на институционално и на ниво на област, имајќи ги предвид специфичните карактеристики на секој процес на производство кога станува збор за политиките за ревизија за одделни области.

Принципите претставени во овој Анекс се структурирани во две групи: општи принципи и принципи поврзани со процесот на производство на податоци на ниво на Евростат и на земјите-членки. Општите принципи имаат за цел идентификување на столбовите на збирот од принципи, дефинирање на неговиот опфат, границите и главните карактеристики. Втората група се состои од повеќе оперативни принципи кои се однесуваат на спроведувањето на политиките за ревизија на ниво на област.

## 1.1 - Општи принципи

Следните три општи принципи ја опишуваат основата на политиката за ревизија на ЕСС. Тие може да се сметаат за суштинско јадро на една општа и транспарентна политика за ревизија.

### Принцип 1 - Општи политики за ревизија и посебни политики за ревизија за одделни области

**Секоја статистичка институција во рамките на ЕСС дефинира, комуницира и објавува добро документирани општи политики за ревизија и посебни политики за ревизија за одделни области кои се однесуваат на европските статистики во нејзина надлежност.**

Опис: Општата политика за ревизија треба да важи за сите европски статистики. Таа треба да биде прилагодлива на карактеристиките на различни статистички податоци и да овозможи дефинирање на посебни политики за ревизија на одделни области, во согласност со општите принципи. Посебните политики за ревизија треба да бидат дефинирани на ниво на статистичка област, земајќи ги предвид особеностите на податоците, како и ограничувањата кои произлегуваат од постоечките правни акти.

Општата политика за ревизија и посебните политики за ревизија треба да бидат документирани и објавени од страна на Евростат, како и од страна на другите статистички организации во ЕСС на нивните веб-страници. Информациите кои се подготвуваат за посебните политики за ревизија ќе бидат вградени во ESMS структурата на метаподатоци. Мора да постои ефективна комуникација со медиумите и со јавноста преку соодветни средства, на пример, соопштенија, документи достапни на интернет, публикации и сл.

### Принцип 2 - Доследност и стабилност на посебните политики за ревизија за одделни области

**Посебните политики за ревизија треба да бидат доследни во различните статистички области и земји колку што е можно повеќе и стабилни во текот на подолг период.**

Опис: При утврдувањето на политиките за ревизија за одделни статистички области, треба да се обезбеди колку што е можно поголема доследност во различните статистичките области и земји. Корисници треба однапред да знаат кога ќе се спроведат идните ревизии. Откако ќе бидат дефинирани, посебните политики за ревизија треба да бидат стабилни со текот на времето. Промените во посебните политики за ревизија треба да бидат претходно најавени, добро документирани и оправдани.

### Принцип 3 - Комуникација на ревизиите

**Статистичките институции во рамките на ЕСС треба да дефинираат заедничка стратегија за секоја статистичка област за соопштување на квалитативни и квантитативни информации за ревизиите на податоци на европската статистика.**

Опис: Статистичките институции во рамките на ЕСС треба да дефинираат комуникациска стратегија за ревизии на податоци на ниво на област, земајќи ги предвид карактеристиките на процесот на производство на податоци. Таквите стратегии треба да ги надополнуваат објавените информации за политиката за ревизија со квантитативни информации за ревизиите на податоци и да бидат усогласени колку што е можно повеќе.

## 1.2 - Принципи поврзани со процесот на производство на податоци

Следните принципи се директно поврзани со процесот на ревизија.

## Принцип 4 – Редовни и годишни ревизии

**Редовните и годишните ревизии треба да се објавуваат во рамките на добро дефиниран, синхронизирани и редовно ажурирани календари на објавување/ревизии на национално и на европско ниво. Објавувањето на европските и националните агрегати треба да биде синхронизирано колку што е можно повеќе.**

Опис: Во однос на релевантните податоци, како што се главните индикатори за следење на економската состојба во Европската Унија (PEEIs) и други европски статистики, важно е корисниците да бидат однапред информирани за тоа кога податоците ќе бидат објавени. Ако постои јавен календар на објавување, тогаш тој ќе има улога и на календар на ревизии; во спротивно, треба да се воспостави јавен календар на ревизии. Со целосното усогласување на датумите на објавување на национално и на европско ниво ќе се подобри квалитетот на европските агрегати.

## Принцип 5 - Големи ревизии

**Големи ревизии треба да се спроведуваат само во поголеми временски интервали. Тие треба да бидат однапред најавени, спроведени ретроактивно и координирани во различните статистички области и институции.**

Опис: Големите ревизии често се поврзани со промени во дефиниции, класификации, итн. Тие вообичаено се спроведуваат во интервали од 5 или повеќе години. Големите ревизии треба да бидат претходно најавени и вклучени во рамки на календарите на објавување/ревизија на национално и европско ниво. Причините за големите ревизии треба да бидат јасно објаснети пред јавноста заедно со, доколку е можно, нивното потенцијално влијание врз најважните податоци. По ревизијата, треба да се објави анализа што го покажува влијанието на промените кои се направени.

## Принцип 6 - Непланирани ревизии

**Непланираните ревизии треба да се намалат со текот на времето во случај на грешки и непредвидени настани кои се случуваат во процесот на производство. Корекциите треба да бидат објавени без да се чекаат планираните ревизии. Тие треба да бидат придружени со соодветни објаснувања.**

Опис: Кога ќе се појават грешки или непредвидливи настани, треба да се оцени нивното влијание врз податоците пред да се прави ревизија; доколку е

потребно, треба да се објават дополнителни информации за непланираната ревизија, особено за причините за непланираната ревизија.

## Принцип 7 - Дефинирање на посебни политики за ревизија за одделни области

**Посебните политики за ревизија треба да се потпираат на цврсти и хомогени методолошки избори што опфаќаат, меѓу другото, планирање на ревизии, можна употреба на прагови, должина, длабочина и сезонско прилагодување, кога е применливо.**

Опис: При дефинирањето на посебните политики за ревизија на одделни области, особено внимание треба да се посвети на изборите во однос на планирањето на ревизии (на пример, истовремен наспроти тековен пристап, види Анекс 2 за повеќе детали), усвојувањето на праг на значајност, обемот на ревизиите во однос на периоди назад низ времето, и доследност меѓу ревизијата на агрегат и ревизиите на неговите компоненти. Понатаму, изборите во однос на ревизиите на сезонски прилагодени податоци мора да бидат во согласност со водичот на ЕСС за сезонско прилагодување. Евростат и земјите-членки треба да се усогласат колку што е можно повеќе за овие прашања, со цел да се обезбеди максимална доследност на ниво на област.

## Принцип 8 – Претходни верзии на податоците и следење на ревизиите

**Колку што е соодветно, секоја статистичка институција во рамките на ЕСС врши и дисеминира редовни анализи на ревизиите на ниво на статистичка област. За таа цел, треба да се имплементираат, одржуваат и дисеминираат соодветни бази на претходни верзии на податоци во согласност со календарите на објавување/ревизии.**

Опис: Достапноста на историски информации за ревизиите претставува главен услов за редовно следење на процесот на ревизија и за производство на анализи на ревизиите. Земјите-членки и Евростат треба да го идентификуваат најсоодветниот начин за управување со таквите историски информации, како и соодветното ниво на дисагрегација. За одредени статистички области може да биде корисно ако различните верзии на добиените податоци се достапни за јавноста. Ова се однесува главно на инфрагодишни статистички податоци и други одбрани европски статистики. Редовно треба да се вршат и да се објавуваат анализи на ревизиите.